**ЗАПИСНИК**
од 25-седница на Управниот одбор на ЗЕЛС
Скопје (простории на Министерство за енертик, рударство и минерални суровини), 13 февруари, 2025 г.

**Присутни**:

Орце Ѓорѓиевски (Градоначалник на Општина Кисела Вода), Висар Ганиу (Градоначалник на Општина Чаир), Жарко Ристески (Градоначалник на Општина Македонски Брод), Ацо Ристов (Градоначалник на Општина Радовиш), Кирил Пецаков (Градоначалник на Општина Охрид), Максим Димитриевски (Градоначалник на Општина Куманово), Трајко Славески (Претседател на совет на Град Скопје), Горан Герасимовски, (Градоначалник на Општина Центар), Марија Чатмова, со овластување од Марко Колев (Градоначалник на Општина Велес),

**Дискусија**:

Управниот одбор го едногласно го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Средба со министерската за енергетика рударство и минерални суровини и дискусија за проблемите со кои се соочуваат општините
2. Разно.

**ПРВА ТОЧКА:** Средба со министерската за енергетика рударство и минерални суровини и дискусија за проблемите со кои се соочуваат општините;

Членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС пред Министерката за енергетика, Сања Божиновска, ги претставија состојбите, предизвиците и активностите на општините во делот на зголемување на енергетската ефикасност, генерирање помали трошоци и подобрување на условите за живот на граѓаните. И покрај ниските буџетски средства со кои располагаат, околу 60% од општините веќе имплементирале ефикасни решенија за улично осветлување, што значително ги намалува сметките за струја. Тие и покрај тоа што беа оставени сами да се ја пребродат енергетската криза сепак успееја да направат инвестиции во објектите на институциите од нивна надлежност.

Сегашен најголем проблем се големите долгови на јавните претпријатија посебно тие задолжени за водоснабдување. Најчесто ова е поради несоодветно управување со јавните набавки, немање соодветен кадар за спроведување на јавните набавки и слично, што не доведува до случај тие да завршат кај добавувач

во краен случај, каде цените се значително повисоки од колку да се спроведе набавката и да се добие подобра цена. Тука се спомна и фактот дека има и многу случаеви каде, наместо 3, дозволени со закон, месеци кај краен снабдувач, многу од јавните претпријатие остануваат и повеќе месеци на тој непопуларен пазар.

Според законските обврски ЈКП ако имаат над 50 вработени и приход поголеми од  два милиони евра, се обврзани набавувањето на електричната енергија да го спроведуваат преку Законот за јавни набавки . Следствено, 90% од струјата што ја трошат ЈКП -та го опфаќа работењето на пумпните станици за питка вода, атмосферските и фекалните пумпни станици и на пречистителните станици за отпадни води, Тие отприлика на годишно ниво трошат 50 GWh електрична енергија што е само 1% од производството од домашни извори. Затоа ЗЕЛС ја подржи иницијативата на АДКОМ со која се бара владата да интервенира и овозможи снабдување со електрична енергија на ЈКП по цена која ЕСМ ја продава на универзалниот снабдувач која служи за снабдување на населението, домаќинствата односно малите потрошувачи. Исто да се третираат и училиштата и другите институции од јавен интерес.

Во однос на изнесените предизвици со кои се соочуваат општините кои веќе започнале процес на формирање на јавни претпријатија за производство на електрична енергија  од обновливи извори (Општина Радовиш и Општина Центар), особено во делот на исполнување на барањата за добивање на лиценца од страна на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад, беше изнесено ветување од страна на министерката Божиновска дека сериозно ќе ги разгледа истите  и ќе разговара со ова тело во насока на надминување на овие проблеми и веќе другите општини кои би сакале да основаат вакви претпријатија да не се соочуваат со истите.

Министерката пред членовите на УО на ЗЕЛС ги предложи следните мерки и предлози:

- Јавните институции ќе бидат насочени да набавуваат електрична енергија преку Македонската енергетска берза (МЕМО), , наместо како досега набавката да оди преку странски берзи како HUPX. Со тоа би се избегнале дополнителните трошоци за пренос и други давачки.
- На општините ќе им се даде на располагање единствен терк за јавни набавки на електрична енергија кој ќе можат да го користат сите институции, а е изработен во соработка со Бирото за јавни набавки. Ова ќе обезбеди набавка на електрична енергија по поповолни цени, поголема транспарентност и избегнување на непотребни трошоци.
- Од Министерството ќе бидат назначени лица за контакт кои ќе делуваат како советодавно тело за институциите при набавка на електрична енергија
- На општините кои имаат формирано сопствено претпријатие за производство на електрична енергија и кои веќе имаат инсталирани фотоволтаици во објектите од нејзина надлежност, но се соочуваат со административни пречки при добивање дозволи за продажба на вишокот произведена електрична енергија, министерството ќе им помогне при надминување на овие бариери.
- Беше посочено дека на располагање се неискористени средства од Светска банка што се наменети за енергетска ефикасност , каде општините може да аплицираат со проекти од овој вид. Беше најавено дека наскоро ќе биде

објавен и јавен повик за што најдобар модел е овие проекти за енергетска ефикасност да се спроведуваат централизирано преку Министерството за енергетика, наместо преку повеќе различни институции, со цел поголема ефикасност и побрза реализација.
- Во координација со Владата и останатите засегнати институции и компании ќе се разговара и за дополнителни мерки а се со цел помош и поддршка на јавните институции.

**ТОЧКА РАЗНО**

Во рамките на точката разно немаше дискусија.

**Скопје, 13 февруари, 2025 г.**

**Составил:**
**Стручната служба на ЗЕЛС**

Претседател на ЗЕЛС,
Орце Ѓорѓиевски

__________________